Врз основа на член 36_став 3 точка 1 од Законот за вештачење ("Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 153/23), и членот 18 од Статутот на Комораата на вештаци, Надзорниот одбор на Комората на вештаци на Второта седница одржана на ден 22.11.2025 година го донесе следниот

**ДЕЛОВНИК**
**за работа на Надзорниот одбор на Комората на вештаци**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Деловник се уредува начинот на работа на Надзорниот одбор на Комората на вештаци (во натамошниот текст: Надзорен одбор), како и начинот на свикување, одржување и одлучување на седниците на Надзорниот одбор.

Член 2

Надзорниот одбор е составен од тројца членови од кои едниот е претседател.
Членовите и Претседателот на Надзорниот одборги избира Собранието на Комората на предлог на Управниот одбор со мандат од две години со право на еден последователен реизбор.
Работењето на Надзорниот одбор се уредува со Деловник за Работа кој го донесува Надзорниот одбор.
За својата работа Надзорниот одбор одговара пред Собранието на Комората.

## II. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

Член 3

Надзорниот одбор:

- се грижи за законито работење на Комората од обласа на материјално-финансиското и сметководственото работење,
- врши периодични контроли над работењето на сметководствено-финансиското работење на Комората,
- дава мислење на Управниот одбор за составување на завршната сметка на Комората,
- дава мислење за извештајот на Комората за изминатиот период до Управниот одбор,
- предлага план за финансиско работење на Комората за наредната година до Управниот одбор,
- се грижи за редовна и навремена достава на материјално-финансиското работење до надлежните органи и институции и
- врши други работи во согласност со овој закон.

## III. СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

### Свикување и раководење со седници

Член 4

Седниците на Надзорниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на Надзорниот одбор.

Седниците на Надзорниот одбор ги свикува Претседателот на Надзорниот одбор по сопствена иницијатива или на барање на некој од членови на Надзорниот одбор.

### Кворум за работа и одлучување на седници

Член 5

Седницата на Надзорниот одбор се одржува ако се присутни повеќе од половина од вкупниот број членови на Надзорниот одбор, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови.

### Покана за седница

Член 6

Поканата за присуство на седница на членовите на Надзорниот одбор и на другите поканети учесници на седницата им се доставува во електронска форма најдоцна во рок од 7 дена пред почетокот на седницата.

Поканата од ставот 1 на овој член содржи:

- датум, време и место на одржување на седницата;
- предлог дневен ред на седницата и
- материјали за точките од предложениот дневен ред.

По исклучок, кога тоа го налагаат околностите, претседателот на Надзорниот одбор може да свика вонредна седница на Надзорниот одбор.

Во случај на свикување вонредна седница на Надзорниот одбор, поканата за присуство на седницата на членовите на Надзорниот одбор може да им се достави и еден ден пред почетокот на седницата.

**Тек на седницата**

Член 7

На почетокот на седницата се утврдува дневниот ред.

Секој член на Надзорниот одбор може да предложи дополнување на дневниот ред кој се утврдува со мнозинство гласови од бројот на присутните членови.

Член 8

По утврдување на дневниот ред и прифаќање на записникот од претходната седница се преминува на расправа по точките на дневниот по редоследот по кој се наведени во дневниот ред.

По исцрпување на расправата по секоја точка, претседателот на Надзорниот одбор формулира предлог одлука или заклучок кој го става на гласање за усвојување.

Претседателот на Надзорниот одбор му дава збор за учество во расправа на секој пријавен согласно редоследот на пријавување.

По исцрпување на сите точки од дневниот ред, претседателот на Надзорниот одбор ја заклучува седницата.

**Одлучување**

Член 9

Одлуките и заклучоците на Надзорниот одбор се носат со мнозинство гласови од присутните членови.

Членовите за секој предлог гласаат  со изјаснување „за“, или „против“ .

Во случај да биде даден амандман на некоја одлука или заклучок, претседателот на Комората најпрво го става на гласање амандманот, па потоа ако тој не биде усвоен, го става на гласање основниот предлог на одлуката односно заклучокот.

**Електронска седница**

Член 10

По исклучок, Надзорниот одбор може да одлучи седницата да се одржи по

електронски пат.
Предлог со образложение на причините за одржување на електронска седница може да даде претседателот на Надзорниот одбор, за што Надзорниот одбор носи одлука со мнозинство гласови од сите членови.

Во одлуката од претходниот став на овој член се наведува и начинот на одржување на расправата и гласањето по точките на предложениот дневниот ред (платформа што ќе се применува од страна на Надзорниот одбор, обезбедување на јавност во работата на Надзорниот одбор преку вклучување на видео камера и аудио запис од одржаната седница и слично).

**Записник**

Член 11

За текот на седницата се води записник.

Записникот од став 1 на овој член го води еден од членовите овластен со одлука на Надзорниот одбор.

Во записникот се внесуваат следниве податоци: број на одржана седница, место и времетраење на одржување на седницата, присутни и отсутни членови, присутни поканети лица, дневен ред и приказ на дискусијата и одлуката, заклучокот или мислењето донесени по секоја точка од дневниот ред.
Записникот се усвојува на наредната седница.
По усвојувањето, записникот го потпишуваат претседателот на Надзорниот одбор и записничарот.
Записникот и усвоените одлуки и заклучоци се чуваат во архивата на Комората.

## IV.АКТИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

Член 12

Актите што ги донесува Надзорниот одбор се објавуваат на веб страницата на Комората.
Претседателот на Надзорниот одбор ги потпишува актите донесени од Надзорниот одбор.
Актите на Надзорниот одбор го содржат и печатот на Комората.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13

Овој Деловник влегува во сила со денот на неговото донесување.
Деловникот се објавува на веб страницата на Комората и на веб страницата на Министерството за правда.

Скопје, 15.12.2025

Надзорниот одбор на Комората на вештаци

Претседател:
Проф. Д-р Верица Данчевска